## НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Не е дозволено правното средство барање за заштита на законитоста против правосилни судски одлуки донесени во парнична постапка.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врховниот суд на Република Македонија со решение Рев.бр.361/2010 од 15.04.2010 година го одбил како неоснован предлогот на тужителите за повторување на постапката.

Против ова решение на Врховниот суд на Република Македонија, тужителите поднеле барање за заштита на законитоста повикувајќи се на член 37 став 1 алинеја 11 од Законот за судовите. Притоа, подносителите предлагаат барањето за заштита на законитоста да се усвои, решението на Врховниот суд на Република Македонија да се укине и предметот да се врати на Советот на Врховниот суд на Република Македонија на повторно одлучување.

Врховниот суд на Република Македонија на одржаната Општа седница на ден 23.06.2010 година, одлучил барањето за заштита на законитоста да се отфрли како недозволено.

Врховниот суд на Република Македонија со пресуда Рев2.бр.20/2011 од 30.05.2012 година ја усвоил ревизијата на тужениот и ја преиначил пресудата на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.1633/09 од 27.05.2010 година на начин што жалбата на тужителката ја одбил како неоснована, а пресудата на Основниот суд Скопје IIСкопје РО.бр.1845/07 од 10.07.2009 година, ја потврдил.

Против решението на Врховниот суд на Република Македонија, тужителката преку нејзиниот полномошник А. С., адвокат од К., поднеле барање за заштита на законитоста, поради погрешна примена на материјалното право од страна на Советот на Врховниот суд на Република Македонија повикувајќи се на член 37 став 1 алинеја 11 од Законот за судовите.

Врховниот суд на Република Македонија на одржаната Општа седница на ден 22.03.2013, одлучил барањето за заштита на законитоста да се отфрли како недозволено.

Согласно член 35 став 1, точка 4 од Законот за судовите (“Службен весник на РМ“ бр.58/06 од 11.05.2006 година), Врховниот суд на Република Македонија е надлежен да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, според член 37 став 1 точка 11 од истиот закон, Врховниот суд на Република Македонија на Општа седница решава по барање за заштита на законитоста против одлуките на своите совети, но само кога е тоа определено со Закон (член 35 став 1 точка 4).

Според наоѓањето на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија во овие случаи предмет на спорот е спор од имотно граѓанско-правна природа, во кој спор се расправа и одлучува по правилата на Законот за парничната постапка (“Службен весник на РМ“ бр.79/05 со примена од 29.12.2005 година).

Со оглед на тоа што со Законот за парничната постапка, како вонредни правни лекови се предвидени само ревизија (член 372) и повторување на постапка (член 392), но не и барање за заштита на законитоста, следуваше Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија поднесените

барања за заштита на законитоста согласно член 35 став 1 точка 4 и член 37 став 1 точка 11 од Законот за судовите да ги отфрли како недозволени.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**